СДСМ
ЦИК-СДСМ

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Час: |
| 0209 | 06 | 1 | / |

ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

ДО: Јован Деспотовски

Предмет: Одговор на барање за вклучување на доставен предлог образец на Изјава од 03.06.2024 година со архивски број 0209/6.

Почитуван Г. Деспотовски,

На ден 03.06.2024 година доставивте до архивата на Централната Изборна Комисија на СДСМ барање за вклучување на доставен предлог образец-Изјава како задолжителен дел од бараните услови за поднесување кандидатура за Претседател на СДСМ на вонредните внатрепартиски избори 2024 година, а со предлог истата да ја потпишат и заверат на надлежен нотар сите потврдени кандидати за Претседател на СДСМ.

Внатрепартиските, непосредни избори за избор на Претседател на СДСМ се организираат согласно Статутот на партијата, од страна на Централната Изборна Комисија, а врз основа на претходно усвоен Правилник за критериумите, начинот и постапката за кандидирање и избор на Претседател на СДСМ и Правилник за начинот и постапката за активна регистрација на членовите на СДСМ кои се усвоени на шеснаесеттата седница на Централниот Одбор на СДСМ одржана на 30.05.2024 година, и објавени на официјалната веб страна на партијата. Заедно со објавените правилници, објавени се и: Отворениот повик за самокандидирање на кандидат за Претседател на СДСМ и Пријавата за самокандидирање за кандидат за Претседател на СДСМ, каде што се предвидени формално-правните услови, а согласно Статутот на партијата кои секој член на СДСМ, кој има намера да се кандидира на внатрепартиските избори за Претседател, задолжително треба да ги исполнува. Вашето барање за вклучување на изјавата чиишто формат и содржина ги доставивте како предлог-терк, не може да биде усвоено од страна на Централната Изборна Комисија, бидејќи Централната Изборна Комисија своите надлежности ги црпи од горенаведените акти, усвоени од страна на највисоките органи на партијата.

Со почит,

Скопје, 03.06.2024 година

ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Претседател

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА · ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА · СДСМ